| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Птиците во селскиот двор |
| **Содржина на денот** | Чук,чук......чук,чук |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Редовно одержување на лична хигиена и почесто престојување на свеж воздух.(слика 1) |
| **Активност** | Денот започнете го со слушање на весела песна „Чук,чук... „Дарко Биберко“ -https://www.youtube.com/watch?v=_5v9hIkNO.<br>Предложете му на детето да изработите „Весели звучни јајца“ кои понатаму ќе ги искористите за следните активности. За тоа ви се потребни неколку киндер јајца поточно средишниот дел испразнете го (слика 2 и 3). Предложете му на детето да ставите некои зрнца, семки или ситни предмети во нив (слика 4). Дозволете му на детето да тропа со нив да го чуе звукот кој произлегува. Може да се обиде и да ги препознава според звук, да погодува што има внатре. Продолжете да ја слушате песната и детето нека се обиде да чука-тропка со јајцата подржувајќи го ритамот, а и содржината ќе го поведе. Бидете весели чукајќи ги јајцата едно од друго, па можете и да танцувате на музиката.<br>Во продолжение, предлог до Вас ,звучните јајца да ги декорирате со колаж хартија, па да добијат лик на кокошка или пиле.<br>Убавото време искористете го за прошетки до блискиот пазар или маркет, каде ќе одбирате заедно декорации, бои за јајца за обичаите кои следат за претстојните празници (слика 5). |